Калокаин

Карин Боје

Книгата е објавена со финансиска
поддршка од Советот за култура на
Кралството Шведска

Библиотека – Аквамарин

Главен уредник
Филип Димевски

Лектура
Ирена Ралева

Наслов на оригиналот:
Karin Boye, **Kallocain**

Компјутерска обработка
Бегемот

Ликовно уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има БЕГЕМОТ ДООЕЛ – Скопје. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Калокаин
(Роман од 2000-тите)

Карин Боје

превод од шведски јазик
Родна Русковска

Скопје, 2025

Книгава што сега седнувам да ја пишувам, сигурно ќе им изгледа бесмислено на многумина – ако воопшто смеам да замислам дека „многумина“ ќе ја прочитаат, бидејќи јас сосем доброволно, по ничија наредба, почнувам вакво нешто, а сепак ни мене не ми е сосем јасно со која намера. Сакам и морам, тоа е сè. Сè повеќе и понеминовно се бара намерата и испланираноста на тоа што се прави и се кажува, со цел ниеден збор да не се напише случајно, само што авторот на оваа книга беше принуден да тргне во обратен правец, кон бесмисленоста. Иако моите години поминати тука како заробеник и хемичар, мислам дека сигурно се над дваесет, сепак беа доволно исполнети со работа и со брзање, мора да има нешто што смета дека тоа не е доволно и што водело и надгледувало друга работа во мене, таква што самиот не можев да ја согледам и во која сепак, бев длабоко и речиси болно заинтересиран. Таа работа ќе се доврши кога ќе ја напишам книгата. Значи, сфаќам колку ирационално може да изгледа моето пишување во споредба со рационалните и практичните мисли, но сепак пишувам.

Можеби порано немаше да имам храброст за ова. Можеби е тоа поради заробеништвото што ме направило непромислен. Моите сегашни животни услови незначително се разликуваат од оние во кои живеев како слободен човек. Се покажа дека тука храната е едвај забележливо полоша, човек се навикнува на неа. Затворскиот кревет се покажа малку потврд од мојот кревет дома во Хемискиот град бр. 4, и на тоа се навик-

нуваш. Најстрашна беше разделбата од жена ми и децата, особено затоа што ништо не знаев и не знам за нивната судбина; затоа моите први години во заробеништво беа исполнети со немир и со патолошки страв. Но како поминуваше времето, почнав да се чувствувам помирно од претходно, па дури и сè повеќе уживав во своето постоење. Тука немаше причина за вознемиреност. Немав ни потчинети ни шефови, освен затворските чувари, кои ретко ме попречуваа во работењето и се грижеа само да ги почитувам правилата. Немав ни заштитници ни противници. Научниците со кои понекогаш ме поврзуваа за да ги следам новите откритија во областа на хемијата, кон мене се однесуваа пристојно и неутрално, со мала доза на омаловажување поради мојата странска националност. Знаев дека никој не гледаше причина да ми завидува. Накусо: на некој начин, можев да се чувствувам послободно отколку на слобода. Но истовремено, како што растеше мирот, растеше и тоа необично нешто поврзано со преживеаното минато во мене, и сега не можам да се смирам додека не ги напишам сеќавањата од извесен содржаен период во мојот живот. Ми беше овозможено да пишувам поради мојата научна работа и се врши контрола дури кога предавам целосно завршена работа. Значи, можам да си го дозволам тоа едно задоволство, дури и да е последното нешто што ќе ми биде дозволено.

Во времето кога почнува мојата приказна, се приближував до четириесеттите години од својот живот. Ако, меѓу другото, треба да се претставам, можеби можам да кажам каква слика имав за животот. Нема многу нешта што повеќе откриваат за еден човек од тоа каква слика има за животот: дали си го претставува како пат, бојно поле, дрво што расте или брановито море. Што се однесува на мене, го гледав, со очите на добро учениче, како скали по кои брзаш од кат на кат,

што побрзо можеш, забревтан и со ривали зад петиците. Всушност, немав многу ривали. Повеќето од моите колеги во лабораторијата целата своја амбиција ја насочуваа на војската, а дневниот ангажман го сметаа за здодевен, но и неопходен прекин пред вечерната воена служба. Самиот, ретко признавав на кој било од нив, колку бев позаинтересиран за хемијата отколку за воената служба, иако воопшто не бев лош војник. Во секој случај, напредував по моите скали. Никогаш немав помислено на тоа колку скалила требаше да се остават зад себе, ниту за тоа какви убавини можеше да се наоѓаа на таванот. Можеби јас имав нејасна претстава за куќата на животот бидејќи си ја замислував како една од нашите обични градски куќи, каде што човек се издигнува од внатрешноста на земјата и конечно излегува на покривната тераса, на свеж воздух, на ветрот и дневната светлина. Не ми беше јасно што ќе претставуваат ветерот и дневната светлина на моето животно патување. Но извесно беше дека секој нов кат беше означен со кратки официјални соопштенија од повисок авторитет: за завршен испит, одобрен тест, преместување на позначајно поле на дејствување. Зад себе имав и цела низа такви животноважни крајни и почетни точки, но не толку многу за нова таква да стане неважна. Затоа, со чувство на блага треска, се вратив од кусиот телефонски разговор, во кој ми беше соопштено дека следниот ден можам да го очекувам својот контролор и дека всушност ќе можам да почнам да експериментирам со човечки материјал. Значи, утре ќе биде најголемиот испит за моето досега најголемо откритие.

Бев толку возбуден, што ми беше тешко да почнам да правам што било ново следните десет минути што преостануваа од работното време. Наместо тоа, малку забошотував, веројатно првпат во животот, и почнав

предвреме да ги раскревам апаратите, полека и внимателно, додека sиркав на двете страни низ стаклените sидови за да видам дали некој ме набљудува. Веднаш штом сигналното sвонче објави дека работата е завршена за тој ден, побрзав низ долгите лабораториски ходници како еден од првите во реката луѓе. Набрзина се истуширав, се пресоблеков од работната облека во униформата за слободно време, влетав во патерностер-лифтот и по кратко веќе стоев на улица. Бидејќи станот ни беше доделен во округот во кој беше и мојата работа, имавме дозвола за надземен престој и секогаш уживав да се протегнам на отворено.

Кога поминував крај метро-станицата, ми текна дека би можел да ја почекам Линда. Бидејќи стигнав многу порано, таа сигурно сè уште немаше стигнато дома од фабриката за прехранбени производи, која беше на малку повеќе од дваесет минути со метро. Само што беше пристигнал воз, и цела река луѓе надојде од земјата, се протнуваше низ бариерата, каде што се проверуваа дозволите за престој над земја, и се разлеа по околните улици. Преку празните покривни тераси, преку сите собрани планински сиви и ливадски зелени цераци, кои за десет минути можеа да го направат градот невидлив, набљудувано од воздух, ја гледав целата таа маса што вриеше од соборци упатени кон дома во униформите за слободно време и одеднаш ми помина низ главата дека можеби сите тие го имаат истиот сон што го имав и јас: сонот за патот нагоре.

Мислата ме обзеде. Знаев дека претходно, во текот на цивилната епоха, луѓето сигурно ги привлекувале да работат и на труд со надежта за попространи живеалишта, повкусна храна и поубава облека. Денес, немаше потреба од ништо од тоа. Стандардниот стан, со една соба за тие што не беа во брак, со две, за семејства, им беше сосем доволен на сите, од најнебитните до

најзаслужните. Храната од заедничката кујна го заситуваше и генералот и обичниот војник. Општата униформа, една за работа, една за слободно време и една за воената и полициската служба, беше иста за сите, и за мажи и за жени, и за тие на повисоки и на пониски позиции, со исклучок на ознаките за чин. Дури и оваа последната не беше пораскошна за едните отколку за другите. Тоа што вредеше да се посакува во ознаката за повисок чин беше само тоа што таа го симболизираше. Толку духовен е всушност секој соборец во Светската држава, помислив радосно, што најголемата вредност во животот за него конкретно се сведува на три црни пруги на ракавот, три црни пруги што за него симболизираат и самопочит и почит на другите кон него. Од материјалните уживања човек сигурно може да се засити и повеќе од доволно, токму затоа се сомневам дека дванаесетсобните станови на старите цивилни капиталисти не биле ништо повеќе од симбол, но ова, најсуптилното од сè, што се брка во облик на ознаките за чин, никого не може да го презасити. Никој не може да има толку многу почит и толку многу самопочит, за да не сака да има уште повеќе. Нашиот стабилен општествен поредок, сигурен за сите времиња, почива на највозвишеното, највоздушестото и најнедостижното од сè.

Стоев замислен кај излезот од метрото и, како во сон, гледав како стражарот се движи напред-назад по должината на ѕидот на округот нареден со бодликава жица. Стигнаа четири воза, четирипати надојдоа толпите во дневната светлина, и тогаш Линда конечно ја помина бариерата. Брзо ѝ пријдов и продолживме да се движиме рамо до рамо.

Секако, не можевме да зборуваме, бидејќи вежбите на воздушната флота не дозволуваа никаков разговор надвор, ниту дење ниту ноќе. Во секој случај,

го виде мојот ведар израз и охрабрувачки кимна со главата, иако беше сериозна како секогаш. Дури кога влеговме во станбената зграда и лифтот нè однесе до нашиот кат, нè обви релативна тишина; бучавата од метрото, која ги тресеше ѕидовите, не беше толку силна за да не може слободно да се зборува, но ние сепак претпазливо ги одложивме сите разговори додека не влеговме внатре. Ако некој нè фатеше како зборуваме во лифтот, природно, ќе помислеше дека расправаме за нешто што не сакаме да го чујат децата или куќната помошничка. Имало такви случаи кога велепредавници и други престапници сакале да го користат лифтот како место за заговор; што и е разбирливо, затоа што полициско уво и полициско око од технички причини не можеа да се постават во лифт, а вратарот обично има друга работа наместо да трча и да прислушува по скалите. Затоа внимателно молчевме сè додека не влеговме во семејната соба, каде што неделната куќна помошничка веќе ја имаше поставено вечерата и чекаше со децата, кои ги донела од детскиот кат на куќата. Делуваше како уредна и пристојна девојка, и затоа нашиот пријателски поздрав не беше таков само затоа што бевме свесни дека таа, како и сите куќни помошнички, беше должна да даде извештај за семејството на крајот од неделата – реформа што општо се сметаше дека ја подобрила атмосферата во многу домови. На трпезата имаше радосно и пријатно расположение, особено затоа што нашиот најстар син, Осу, беше со нас. Беше дојден на посета од детскиот камп, бидејќи беше семејна вечер.

– Имам да ти кажам нешто интересно – ѝ реков на Линда додека јадевме супа од компир. – Мојот експеримент стигна дотаму што утре ќе можам да почнам да користам човечки материјал, под надзор на контролор.

– Кој мислиш дека ќе биде? – праша Линда.